Врз основа на член 26 од Законот за вршење на нотарски работи („Службен весник на РМ“ бр. 50/96), министерот за правда донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА НОТАРИТЕ

Член 1

Работното време на нотарите е исто како работното време определено за основните судови во Република Македонија.

Член 2

Нотарот слободно го определува времето за прием на странки, со тоа што најмалку два пати дневно прима странки и тоа два работни часа претпладне и два работни часа после пладне.

Нотарот најмалку еден работен час од работното време прима странки после 15 часот.

Член 3

За своето работно време и работното време за примање на странки, нотарот го известува претседателот на основниот суд и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа на подрачјето на кое е неговото седиште и претседателот на нотарската комора.

Ако канцеларијата на нотарот се наоѓа во зграда или во друг објект, нотарот видливо ќе го истакне на влезот во зградата односно објектот, како и на самата канцеларија своето работно време и времето за примање на странки.

Во случај на затварањето на канцеларијата за време на работното време, нотарот на влезот на својата канцеларија истакнува соодветно соопштение.

Во случај на спреченост поради болест или од други причини, нотарот истакнува соопштение на канцеларијата за лицето кое наместо него ќе ја врши нотарската должност.

Член 4

Во итни неодложни случаи, нотарот може службените дејствија да ги извршува и надвор од редовното работно време, во неработен ден или државен празник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-565/5
23 декември 1996 година
Скопје

Министер за правда
д-р **Владо Поповски,** с.р.